ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 393:398.332.16:[27-187(497.7)
УДК 393:2-187“652“

Лидија КОВАЧЕВА
Универзитет „Евро-Балкан“ Скопје
kovachevalidija@gmail.com

ЖИВОТ ПО СМРТТА ВО АНТИКАТА И ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

Клучни зборови: *духови, смрт, покојник, антика, македонска народна традиција*

Апстракт: *Колку можат и денес верувањата во животот по смртта, духовите на мртвите и нивната моќ, да изгледаат примитивно и бизарно, сепак овие верувања го прикажуваат вообичаениот и траен аспект на човековите култури низ времето. Од обожувањето на духовите на починатите предци кај Бабилонците, преку разработените погребни ритуали во светот на Египќаните и комуникацијата со духовите на починатите од подземниот свет кај Старите Грци и Римјаните, па сè до верувањето во задгробниот живот и постоењето на душата или духот на покојникот, како на пр. концептот на христијанската догма за рајот и пеколот, несомнено е континуираното почитување на споменот на покојните предци во современото општество. Верувањата во животот по смртта и духовите на мртвите низ времето еволуирале и се адаптирале на променливиот религиозен и културен пејзаж на денешното современо општество. Оттаму, целта на овој труд е да ги прикаже верувањата во животот по смртта и духовите на починатите кај древните народи и во античкиот свет, како и нивната рефлексија во современото општество, кои како рудименти од најдалечното минато, иако наместа видоизменети, сè уште егзистираат во обичаите кај македонскиот народ, особено изразени преку празнувањето на христијанскиот религиозен празник, Денот на мртвите, во македонската народна традиција познат и како Духовден.*

Живот по смртта во антиката и во македонската народна традиција

Од најдалечното минато, па сè до денешното современо општество, неспорна е коегзистенцијата на широк спектар на верувања во животот по смртта и духовите на мртвите, коишто ги одразуваат културните средини и народните традиции на различните заедници низ човековата историја. Овие верувања значително варираат од една култура до друга, но, тие често се фокусираат на промислата дека духовите на починатите поединци продолжуваат да постојат во некоја форма и можат да влијаат врз светот на живите.

Бабилон: Бабилонската визија за идниот живот, т.е. животот по смртта е обоена со песимизам и длабока мрачност. Се сметало дека и судбината на духовите на најсреќните, па дури и на оние кои биле погребани со сите церемонии, е да живеат во своите гробови среде прашина, во мрак. Духовите на умрените се манифестирале во застрашувачки прикази, налик на сенки на умрените, осудени да бидат затворени во тмурните престојувалишта во пеколната земја. Вообичаено меѓу народот биле познати под имињата *Inin* и „огромниот“ *Uruku*, налик на страшила, зли духови и *larvae*, но, трите главни суштества од оваа класа се издвојуваат под имињата: Фантом (акадски јазик *Ra-pganme,* асириски *Lahartu*), Спектар (акадски јазик *Rapganmea,* асириски *Labassu*) и Вампир (акадски јазик *Rapgamnekhah,* асириски *Akhkharu*). [1]

Во Халдеја и Бабилон постоело верувањето дека мртвите се креваат од гробовите во форма на вампири, што се потврдува со фрагмент од митолошкиот епитаф напишан на глинена плочка која денес се наоѓа во Британскиот Музеј,[2] во која се раскажува за слегувањето на божицата Иштар во Адот. Кога божицата Иштар пристигнала на вратите на пеколот, го повикала вратарот чија должност била да ги отвори вратите, со зборовите:[3]

„Вратару, отвори ја вратата;

отвори ја вратата, за да можам да влезам.

[1] Lenormant, F. (1877) 37.

[2] Records of the Past, Vol. I., p. 143.

[3] Lenormant, F. (1877) 37.

Ако не ја отвориш вратата и ако не можам да влезам,

Ќе јурнам на вратата, ќе ги скршам нејзините решетки,

Ќе нападнам и насила ќе ги прескокнам оградите;

Ќе предизвикам мртвите да станат и да ги проголтаат живите[4]

Ќе им дадам на мртвите моќ над живите."

Како друг пример на повикување на духовите на мртвите од нивните гробови за да се откријат,[5] е даден во Дванаесеттата плочка од Епот за Гиламеш, каде е претставен описот на Гилгамеш како слегува во Подземниот свет и го моли Еа, мудриот бог на длабочините:

„Сенката на Енкиду прати ја тука! Подземјето цврсто ја држи". Еа веднаш му се обратил на Нергал, господарот на мртвите, со зборовите: „Отвор на земјата отвори веднаш! Духот на Енкиду горе доведи го, со својот брат Гилгамеш да поразговара. Штом тоа силниот Нергал го чу, на земјата веднаш отвор отвори и сенката на Енкиду горе ја доведе."

Во инкантациите од раниот сумерски период, духовите на мртвите имале исто значење како и демоните, т.е. се спомнувале на исто ниво со нив, па затоа многу ритуали кои се користеле против духовите наликувале на оние кои се користеле против демоните. Целта им била да покажат дека душите на поранешните човечки суштества се бесмртни и поседуваат демонска моќ.[6] Духовите на мртвите кај Бабилонците се восприемале како непријатели на луѓето, а како најопасни се сметале оние кои не биле правилно погребани во гробовите - домот на мртвите, или целосно не ги примиле светите жртви од страна на живите. Доколку не биле удостоени од страна на живите, овие бездомни духови талкале по улиците барајќи храна и пијалак, ги прогонувале населените куќи и честопати сериозно ги повредувале луѓето.[7] Оттаму, главната цел на живите била правилно да ги погребаат мртвите, со сите погребни обичаи, ритуали и принесувања на свети жртви, со цел да го спречат нивното слободно талкање по земјата во светот на живите и нивните осветољубиви дејствија.

Египет: Иако целиот живот Египќаните го посветувале на подготовки за задгробниот живот, т.е. животот по смртта и го восприемале како неопходна фаза од животворниот циклус, сепак и тие стравувале од смртта. Бидејќи нивните идеи за животот по смртта биле многу комплексни, до сега не е утврден ниту еден древен египетски збор кој би можел да соодветствува со денешниот модерен концепт за поимањето на душата.[8] Според верувањата на Египќаните, човекот се состоел од следните компоненти: физичко и духовно тело, срце, сенка, моќ, име, душа, двојник наречен *ка (ka)* и дух наречен *ху (hu).* Само неколку компоненти на човекот можеле да ја преживеат смртта и тоа: неговото име, сенката и личната магија.[9] По смртта, сенката на човекот си заминувала од неговото тело и можела да се врати единствено со помош на одредени магиски ритуали; душата била материјална, престојувала на небото, но често го посетувала гробот и се служела со светите дарови и прилози кои биле оставани во гробниците; духот, исто така, престојувал на небото, но и тој, како и душата, можел да слезе и во гробот. Најважна од сè им била животворната сила на човекот, неговиот двојник наречен *ка,* која била интимно поврзана со физичкото тело. Чинот на умирање бил опишан како „придружување кон вашиот *ка*", па оттаму, мумификацијата требала да обезбеди опстанок на телото за *ка*. Откако по смртта, *ка* ќе се вратела во телото и заедно со мумифицираното тело живеела во гробот, таму се одржувала со помош на храната, која како света понуда и гробен дар ја оставале живите во гробницата. Целта на оставањето храна и пијалак им била да ја врзат *ка*, т.е. да го задржат двојникот на покојникот во гробницата, за да нема потреба да излегува надвор од неа во потрага по храна, да јаде разни отпадоци и пие нечиста вода. Исклесаните sидови на одаите на гробницата со најразлични мотиви придонесувале *ка* да ужива во сите радости во кои уживало и телото на покојникот за време на животот. Дел од гробницата на покојникот кој бил одвоен за *ка*, бил наречен „куќата на *ка*", каде што *ка* боравела во статуата со ликот на покојникот, а имало и

[4] „Ќе ги воскреснам мртвите, да ги проголтаат живите". *Ibid,* 37.

[5] Melton, J. G. (2001) 139. Во Епот за Гиламеш, даден е опис како јунакот го посетува гробот на неговиот соборец и стар другар Еа-Бани и го повикува неговиот дух. Откако го чул повикот од својот другар, духот на Еа-Бани се воскренал како „чуден виор" на ветрот и со голема тага почнал да одговара на различните прашања кои Гилгамеш му ги поставувал. Потем, духот на Еа-Бани му рекол: „Како да те известам за законот на подземниот свет што го искусив, та ти ќе седнеш и ќе пролеваш солзи цел ден." Гилгамеш се извикал од болка: „Тагата на подземниот свет те обземала".

[6] Farber, W. (1995) 1899.

[7] Melton, J. G. (2001) 139.

[8] Pinch, G. (2006) 147.

[9] Budge, E. A. W. (1901) 175.

посебен одреден свештеник наречен „свештеникот на *ка*“, кој таму ја вршел својата свештеничка служба.[10] Со текот на времето, духот *ху* бил поистоветен со двојникот *ка*. Наспроти двојникот *ка* кој се восприемал како сила која немала изразена манифестација на личноста, била *ба*, која како друга манифестација на покојникот, го задржувала неговиот лик.[11] Терминот *ба (ba)* честопати бил несоодветно преведен како „душа“ или „личност“ и главно претставувал главна компонента на човечките и божествените суштества.[12] *Б*а по смртта на телото го задржувала ликот на покојникот и се движела во подземниот свет каде што постоел ризик да умре од втора, последна смрт, која значела целосно уништување на личноста.[13] Откако *ба* преживеала разни искушенија, можела да го достигне статусот на *акх* (*akh),* односно „преобразен“ или „ефективен“ дух и потем можела да ужива во полубожествените моќи и битисува со боговите. Согласно египетските народни верувања, доколку *ба* умрела по втор пат, душите на овие осудени духови преживувале и тие ги мачеле живите.[14] *Ба* во хиероглифските записи вообичаено е прикажана како птица, вид на ибис со човечка глава.

Согласно научните мненија, Египќаните имале колективна фобија поврзана со распаѓањето на телата на покојниците, па оттаму египетската погребна уметност не содржи скелети или гнили и распаднати трупови на покојници, а ретко и прикажани на многу општ начин, можат да се забележат стравотни слики на мртовци. Оттаму, се смета дека кај Египќаните сите покојници биле почитувани како ангелски суштества. Како исклучок се спомнуваат неколку категории на опасни и непријателски духови за кои верувале дека го напуштаат соодветното место наменето за мртвите и се враќаат во светот на живите со цел да им предизвикаат проблеми, да им наштетат и да ги мачат. Во погребната литература е опишана моќта на *ба* како ја менува својата форма и го напушта гробот за да го посети светот на живите. Покрај *ба*, постојат многу докази дека луѓето стравувале и од *акх*, која исто така, го напуштала светот на мртвите и слободно се движела во светот на живите.[15] За особено опасно привидение го сметале *мут,* кој бил дух на починатиот кој не можел да влезе во соодветната сфера на мртвите, бидејќи или починал насилно, или премногу млад, или затоа што не успеал да ги реализира и оствари своите желби за време на земскиот живот. Терминот *мут* ги вклучувал и оние покојници кои не биле правилно погребани, не им биле пружени соодветни погребни обреди и не добиле соодветни придонеси или почит од нивните семејства или потомци.[16] Додека, пак, за најопасни од нив меѓу населението се сметале егзекутираните предавници или воени затвореници, чиј живот им бил прекинат, не по нивна волја.

Египќаните верувале дека духовите на мртвите се способни навечер за време на спиење да им донесат лоши соништа, да им нанесат разни болести или пак, доколку се лечат од некоја болест, ќе им го спречат лекувањето. Верувале дека дури и сенката на мртвиот претставувала потенцијален извор за оштетување и не делување на лековите кои ги чувале по домовите, а кои претходно биле подготвени од страна на лекар. Поради тоа, со цел да се заштитат во вечерните часови, се служеле со одредени магии и заштитни формули за заштита на домовите, со чија помош сакале да ги спречат разните зли и лути духови и привиденија да влезат навечер, додека спиеле во домовите и спалните соби и да им напакостат и да им се одмаздат. Бидејќи стравувале од упад и од машки и од женски духови, за заштита им се приклонувале на одредени божества, на пр., заштитата на завртките на вратите им ги доделиле на Птах, богот на земниот живот и на животот по смртта, слушателот на молитвите,[17] додека, пак, креветот на четирите божици, Изида, Нефтис,[18] Нит[19] и Серкет,[20] кои редовно се прикажани како заштитнички околу саркофазите. Како почест извор на опасност, во амулетските декрети и магискиот папирус од I милениум пр. н.е.[21] се наведени женските духови, кои се сметале за голема закана за доилките и малите деца.

Египќаните со огромна стравопочит гледале на гробниците и бидејќи таму почивале душите на покојниците не им приоѓале, со цел да не ги вознемират. Опасноста од покојниците се споменува и на натписите пронајдени во гробниците, каде стои предупредување до секој оној којшто мисли или сака да ја ограби гробницата, дека сопстве-

[10] *Ibid,* 176.

[11] Pinch, G. (2006) 147.

[12] Taylor, J. (2001) 20–3.

[13] Pinch, G. (2006) 147.

[14] Zandee, J. (1960) 198-199.

[15] Pinch, G. (2006) 148.

[16] *Ibid,* 147-148.

[17] Wilkinson, R. H. (2003) 124-125.

[18] Божица на погребите. *Ibid,* 159.

[19] Една од најстарите египетски божества. Се смета за божица-мајка, божица на создателството, на погребите и погребните ритуали. *Ibid,* 156-157.

[20] Божица на скорпиите, заштитничка на починатите кралеви. *Ibid,* 234.

[21] Овој папирус денес се чува во Бруклин.

никот на истата е *акх,* кој е способен да го убие крадецот, односно разбојникот и да му го уништи целото семејство. Овие писма кои ги повикуваат мртвите на помош, датираат од 3100 до 1200 г. пр. н.е, биле напишани на глина, лен, папирус и биле ставани крај телата на покојниците за време на погребните церемонии.[22]

Стара Грција: Континуитетот на народните верувања во постоењето на духови на умрените од древните времиња, продолжил и во народните верувања кај Старите Грци. Античката литература сведочи за огромниот страв кој Старите Грци го имале кон неспокојните духови на умрените, особено кон оние коишто умреле пред нивното време, т.е. оние на кои животот им бил прекинат во бој или пак со насилна смрт, како и од духовите на оние покојници кои биле лишени од прописно погребување. Се сметало дека овие духови поради нивната судбина биле зли, насилни и немилосрдни, па оттаму и биле повикувани од страна на маѓепсниците, особено во магиските чинови на некромантија и црна магија. Според Огден,[23] иако не може да се утврди времето кога е развиена категоризацијата на неспокојните духови на покојниците кај Старите Грци, тој нивната првична поделба ја посочува кај Хомер и ги дели на:

Aôroi: „починати пред нивното време“ - тука првично спаѓале душите на покојните новороденчиња и деца, а потем и душите на сите кои во староста починале од било која причина, освен од природна смрт и оттаму нивниот дух бил неспокоен, *aôros* и вечно осуден да талка низ земјата на живите.

Bi(ai)othanatoi: „починати со насилна смрт“, во кои спаѓале јунаците и борците кои го загубиле својот живот за време на борбите и војувањата, потоа егзекутираните криминалци и најогорчените духови од оваа класа, а тоа биле жртвите на убиствата и самоубиствата.

Agamoi: „починати пред брак“ - тука спаѓале и машките и женските духови, иако поради бракот и мајчинството за особено огорчени се сметале женските духови.

Ataphoi: „починати лишени од погреб“ - како главна причина за немир на душата на покојникот. Без оглед на причините и околностите на смртта, духот на покојникот не можел да почива во мир, доколку не бил погребан соодветно и со сите погребни прописи.

Како пример на *Bi(ai)othanatoi*: „починати со насилна смрт“, се издвојува смртта на Патрокло во *Илијада* кај Хомер, каде јасно е прикажан духот на Патрокло,[24] кој по неговата смрт насоне му се јавил на Ахил, во раст и глас налик на него додека бил жив и низ солзи го молел што побрзо и достојно да го погребе, со величествен и пригоден погреб за голем јунак, за да може неговата душа да помине низ портите на Адот и во подземниот свет да им се придружи на душите на другите покојници.

Талкањето на душите на покојниците околу нивните гробови, согласно народните верувања кај Старите Грци, им се припишува на оние починати пред нивното време (*Aôroi)* или на оние чиј погреб бил недостоен *(Ataphoi*). Описот на талкањето на душата ни го отсликува Платон во *Фајдон*,[25] во дијалогот во кој Сократ му се обраќа на Кеб и му вели дека душите:

„... се тркалаат *(kulindoumenê)* околу надгробните плочи и гробниците, околу кои всушност се гледаат некои засенчени манифестации на душите, како што се духовите коишто ги создаваат душите од ваков вид, душите кои не се чисто ослободени, но и понатаму учествуваат во областа на видливото и од таа причина се гледаат.“

Нема директно сведоштво за овие верувања во класичниот период, но скудните археолошки докази ни потврдуваат некои од нив. Најверојатно замислата е дека духот на „предвремено мртвите“, т.е. „починати со насилна смрт“, останува во својот гроб или во близина на истиот, сè додека не му заврши даденото време на земниот живот.[26]

Бројни се записите во старогрчката литература за приказите за духовите кои се појавуваат во моментот на смртта на некој пријател или далечен роднина и за верувањата во појавата на починато лице во облик на бестелесен дух или негова слика, налик на привидение кое се чини дека е живо. Тие сведочат за старогрчките народни верувања дека духовите на покојниците се воздушести и бестелесни и способни да преминуваат низ ѕидовите и вратите на куќите. Сведочат и за верувањата во запоседнати куќи од духови,[27] најчесто живеалиштата поврзани со нивниот земен живот или местата на кои трагично го загубиле својот живот.[28] Извонреден опис на запоседната куќа со духови од која ги истерал Аригнот Питагореецот, ни дава Лукијан:

[22] Pinch, G. (2006) 149-150.

[23] Ogden, D. (2002) 146.

[24] Хомер, *Илијада,* 23.62–76.

[25] Платон, *Фајдон,* 81c–d.

[26] Tert., *De Anim*. 56.4; Servius, *Aen*. 4.382.

[27] Lucian, *Philopseudes*, 30–1.

[28] Melton, J. G. (2001) 1: 635.

„Куќата веќе подолго време беше оставена ненаселена“, рече Аригнот, „поради нејзините ужаси. Ако некој влезел внатре, тој веднаш се плашел и бегал од неа, прогонуван од некој застрашувачки дух кој влева паника. Таква беше до сега и покривот беше оштетен и паѓаше и немаше апсолутно никој доволно смел за да влезе во неа. Кога го слушнав ова, ги зедов моите книги (бидејќи имам многу египетски книги за овие работи) и отидов во куќата пред спиење. Мојот домаќин се обиде да ме обесхрабри и не успеа физички да ме спречи кога дозна каде одам, што според него, претставуваше очекувана неволја. Ја зедов светилката и влегов сам. Го спуштив светлото во најголемата просторија, седнав на подот и почнав мирно да читам. Духот се материјализираше во нападот. Мислеше дека се спротивставува на просечен човек и очекуваше престрашен да побегнам како другите. Тој беше лош, имаше долга коса и беше поцрн од темнината. Застана спроти и ме стави на тест. Ме напаѓаше од сите страни, во случај да можеше да ме победи на една и се претвораше те во куче, те во бик, те во лав. Но, јас ја употребив мојата најкрвава магија, онаа на египетски јазик, го одведов во ќошот на темната соба и го маѓепсав. Го забележав местото на кое исчезна, а потоа се одморив во остатокот од ноќта. До утрото сите беа очајни и мислеа дека ќе ме најдат мртов, како и другите. Но и покрај сите очекувања, излегов од куќата и отидов кај Евбатид со радосна вест дека сега ќе може да живее во куќа прочистена и празна од ужаси. Потем, го поведов со себе, заедно со голем број други кои сакаа да дојдат со нас поради чудото. Ги доведов до местото каде што видов како духот исчезнува и им реков да земат вили и лопати и да копаат. Кога го сторија тоа, го најдоа таму закопан, околу шест метри длабоко, мувлосан труп, само со коски на него. Така, го извадија од земјата и прописно го погребаа и оттогаш духовите престана да ја вознемируваат куќата.“[29]

Правилата за совладување на духови кои напаѓаат *(hikesioi)* се дадени на еден ран хеленистички натпис од Кирена, датиран околу 300 г. пр. н.е.,[30] каде стои дека:

„... ако некогаш дух кој напаѓа е испратен против нечија куќа, ако некој знае од кого доаѓа нападот, треба да му се даде име и да му се изговара името во текот на три дена. Ако тој е мртов на земјата или е мртов во некоја друга состојба, ако некој го знае неговото име, треба да му го каже името. Но, ако некој не го знае името, треба да каже „О човеку, без разлика дали си маж или жена“. Треба да се направат кукли *[kolossoi*], машки и женски, од дрво или од глина, да се угостат и пред нив да се стават порции од сета храна. Кога ќе се извршат обредите, куклите треба да се однесат во непроодна шума и да се подмитат со овие порции.“

Според Огден,[31] на овој натпис е дадена состојба во која неспокоен дух, со цел да постигне сопствен мир, го напаѓа својот убиец или пак некоја невина жртва. Според него, фразата „од кого доаѓа нападот“ е начин за да се опише мртовецот од кого бил создаден духот. Доколку некој го знае името на мртовецот и на од него изведениот дух, треба три пати да му го изговори името и духот ќе се покори. Доколку не се знае ниту името, ниту полот на духот, тогаш во постапката се вклучуваат две кукли, машка и женска. Оттаму, според него, стојат претпоставките дека духот се повикува преку соодветната кукла. Бидејќи е достојно удостоен со оброкот наменет за него, духот влага во куклата и потем таа треба да се однесе во некоја пустелија, од каде што овој дух нема повеќе да предизвикува проблеми.

Стар Рим: И светот на Римјаните бил исполнет со верувања во живот по смртта и духови на покојници од кои луѓето постојано стравувале и се чувствувале загрозени, како за себе, така и за животот и здравјето на своите најблиски и заедницата, воопшто. Кај Римјаните духовите на мртвите биле познати под терминот лемури, *lemurs.* Оние кои биле добри, ги нарекувале *lares*, а лошите *larvae*. А, пак, тие духови кои не биле класифицирани ниту како добри, ниту како лоши, биле наречени *manes* и едноставно ги восприемале како заштитнички духови и ги почитувале како души на покојните предци. Добрите духови, *lares*, ги восприемале како заштитнички духови, вид на демони доделени на боговите на подземниот свет и бидејќи биле поврзани со *manes* и нив ги обожувале како духови на покојните предци и им се поклонувале во своите домови и во домовите во соседството. Лошите духови *larvae* ги сметале за духови на мртвите, демони или зли духови. Зборот *larvatus* значи „опседнат од зли духови“, па оттаму овие зли духови биле повикувани за време на пророкување и гатање, *praesagia larvarum.*[32]

Бидејќи духовите на мртвите *manes,* Римјаните ги восприемале како моќни и божествени субјекти, тие на надгробните стели им се обраќале со натписот *Dis Manibus,* „на духовите на мртвите“, со цел да ги смилостиват. Овој натпис воедно

[29] Lucian, *Philopseudes,* 30–1.

[30] *Inscription from Cyrene:* Solmsen and Fraenkel 1966, no. 39 B 27–39; SEG 9. no.72: 110–21.

[31] Ogden, D. (2002) 163-164.

[32] Luck, G. (2006) 509.

претставувал и инвокација, т.е. отворено ги повикувал духовите на мртвите со цел или повторно да го обедини покојникот со саканото семејство и најблиските или повторно раѓање на смртните останки на покојникот измешани со земјата во вид на цвет.[33] Именувањето на овие духови е наведено кај Апулеј, во делото *De deo Socratis*:[34]

„Другиот вид на `демон` се состои од човечката душа која го напушта своето тело кога ќе заврши со своите служби во животот. Можам да забележам дека на стариот латински јазик овие порано се нарекувале лемури (*lemures*). Сега, на некои од овие лемури им била доделена грижата за нивните потомци. Тие ги запоседнуваат куќите со благонаклонет и мирен став и се нарекуваат *Lares* на семејството. Но други, поради нивните злодела во животот, се казнуваат со еден вид прогонство, имено, со одрекување од домот и со ненасочени талкања. Тие можат да бидат само безопасни ужаси за добрите луѓе, но се опасни за лошите луѓе. Луѓето обично ги нарекуваат *larvae.* Кога е нејасно за каква категорија на дух се работи, дали за *Lares* или *larvae*, се користи терминот *Di Manes.* Нема сомнение дека додавањето на терминот „богови“ [*di*] е почесно, бидејќи се применува само на оние демони кои својот живот го поминале со правдина и мудрост, а на кои подоцна луѓето им доделиле храмови и обреди како на божествени сили кои народот ги почитувал. Такви примери се Амфиарај во Бојотија, Мопс во Африка, Озирис во Египет. Секој народ има свои, но сите го обожуваат Асклепиј.“

Според Огден,[35] соодветствувањето на карактеризацијата на духовите кај Апулеј со оние кај другите автори се забележува во толкувањето на термините *Di Manes,* како општ и почесен термин за сите духови, *Lares* како термин за доброчудни заштитници на домаќинства и *larvae* како термин за зли и опасни духови. Исклучок е неговата карактеризација на *lemurs*, кои вообичаено биле сметани за лоша и опасна поткатегорија на духови, како *larvae*.

Синхронизацијата на старогрчко-римскиот свет јасно се забележува во восприемањето на душите на покојниците кај Римјаните, каде исто како и кај Старите Грци, биле поделени на души на покојници починати пред нивното време, починати со насилна смрт, починати пред брак и лишени од соодветен погреб, најдоследно опишани во *Ајнеида* на Вергилиј:

„Овде на брегот се слејала сета распрсната толпа,
жени и мажи и тела на умрени јунаци храбри,
деца, немажени моми и момци, што умреле млади
пред родителите нивни поставени во пламен на клада.
како што в шумите паѓаат лисја од есенски студој,
или од морската шир на брегојте се збираат птици
мраз кога силен ги гони преку море, в пределите топли,
стоеја така, молејќи да бидат префрлени први,
раце протегаа желни за брегот од другата страна.
тажниот возар час едни, час други прифаќаше в чунот...“.[36]

Кај Вергилиј, суштествувањето на сите овие категории на вечно неспокојните души на покојниците се ограничени во подземниот свет. Единствено оние кои не биле соодветно погребани биле осудени сто години да талкаат на брегот на реката Стикс пред да преминат во Подземниот свет:

„Луѓето ти што ги гледаш се толпа без погреб што дошла;
оној е возарот Харон и тој ги превезува само
оние човечки души што горе погребани биле:
никому од нив не им дава брегој да мине
ни да ги премине овие бучави води
спокој во гроб пред да најдат во земја неговите коски.
години сто ќе скитаат тие долж подземни брегој
дур` им се допушти најпосле сакани води да минат.“[37]

Согласно забелешките на Тертулијан во *De anima*, бидејќи стоте години симболично ја претставуваат целата должина на човечкиот живот, можеби ова одложување на преминување на душите преку реката Стикс во Подземниот свет повеќе би соодветствувало за оние кои предвреме починале. Сепак, кај Вергилиј покојниците починати пред нивното време, кои на брегот на реката Стикс чекаат 100 години, т.е. да им помине времето за да можат да ја преминат реката и да заминат во подземниот свет, се поделени во две главни групи: оние кои починале со и оние кои починале без насилство. Оние кои починале со насилство кај Вергилиј се поделени на четири категории: [38]

[33] Maureen, C. (2006) 4.

[34] Таксономија на духови, Apuleius, *De deo Socratis* 15.

[35] Ogden, D. (2001) 149.

[36] Вергилиј, *Ајнеида,*192.

[37] *Ibid,* 193.

[38] *Ibid,* 197-199.

1. неправедно погубени меѓу кои и малите деца „што црната смрт им го одзеде слаткиот живот, сурово таа ги тргна од топлите мајчини боски“;

2. самоубиства, „луѓе коишто невино самите на себе кренале рака – загинале, зашто замразиле живот и светлина сјајна“;

3. љубовни самоубиства „тие што страсната љубов ги убила с`гибелна болест“ и

4. починати во бој, т.е. „храбро загинаа в битки“.

Опис на дух на починат човек на кој насилно му бил одземен животот и чие тело било фрлено во смет, ни дава Кикерон во *On Divination*:[39]

„Двајца аркадиски придружници заедно тргнаа на пат и дојдоа во Мегара. Едниот од нив се смести кај гостилничар, а другиот кај пријател. После оброкот, отидоа во своите кревети. Само што легна, човекот кој престојуваше кај неговиот пријател на сон виде визија на својот придружник, во која го молеше да му помогне, бидејќи гостилничарот коваше завера за да го убие. Неговата прва реакција беше да се разбуди од ужасот од сонот, но потоа си го собра умот и заклучи дека визијата е безвредна и се врати на спиење. Додека спиеше, виде друга визија во која истиот човек го моли да не страда неказнето, без освета во смртта, бидејќи не дојде да му помогне додека беше жив. Откако го уби, рече тој, гостилничарот го фрлил неговото тело на задниот дел од количката и го покрил со смет. Го замоли да дојде пред градската порта наутро, пред количката да го напушти местото. Овој сон го вознемири и тој се соочи со возачот пред портата и го праша што има во количката. Тој престрашен побегнал, мртвиот човек беше извлечен од сметот, сè било откриено, а гостилничарот ја плати казната.“

Иако не се работи за приказна за запоседната куќа со духови, според Огден,[40] сепак има многу заеднички нишки. Според него, Кикерон јасно ги дал мотивите на духот за неговото второ појавување: одмазда за неговиот убиец и обезбедување на соодветно погребување. Дека и Римјаните, како и останатите древни цивилизации верувале во заминувањето на душите на покојниците во Подземниот свет, ни сведочи Вергилиј во *Ајнеида*:

„Ова е местото, каде на две страни патот се дели:

десниот води кон дворецот Дитов и блажен Елисиј

тоа е нашиот пат, а левиот води кон Тартар,

кај се извршува казна над тие што сториле злостор.“[41]

Од големо значење за Римјаните било приредување пристоен погреб на покојникот, бидејќи доколку не бил соодветно погребан, неговата душа била осудена да талка 100 години на бреговите на реката Стикс, пред да влезе низ портите на подземниот свет. Согласно верувањата на Римјаните, по смртта мртвите продолжувале да живеат во близина на гробот или во самиот гроб, па оттаму гробот го нарекувале вечен дом, *domus aeterna.* Во чест на покојникот на самиот гроб се приредувале големи гозби, банкети и тоа на денот на погребот *(silicernium*), потоа на деветтиот ден по погребот (*cena novendialis*), на роденденот на покојникот *(dies natalis),* како и за време на другите празници и фестивали кои се одржувале на пролет и лето посветени и во чест и спомен на мртвите.[42]

Македонска народна традиција изобилува со бројни записи за верувањето на македонскиот народ во животот по смртта, т.е. рајот и пеколот, како и во духовите на починатите предци. Имено, во македонската народна традиција Светецот Архангел Михаил е познат како „*душовадник“*, пратен од Господ на Земјата да им ја одзема душата на луѓето. Во легендите бил опишан како светец облечен во свила, а во рацете држел стап, т.н. *шиш* (шилест предмет) со сребрена рачка. Стапот го ставал крај устата на одреден човек и со негова помош му ја вшмукувал душата, која излегувајќи од телото одела кај Господ.[43] М. Цепенков, го бележи народното верување, во кое доколку св. Архангел некому му седнел крај градите, тој умирал, а доколку му застанел крај нозете, оздравувал, па оттаму, тој е Архангел на смртта и душовадник.[44] Согласно македонските народни верувања, ангелот ја зема душата на човекот и ја носи право кај Господа за да му се поклони; потоа ја шета душата на човекот до крајот на Земјата и на небото, за да ги види сите убавини и места кои ги видела додека човекот бил жив; ги покажува сите добрина и зла коишто, тој човек ги сторил за време на земскиот живот; на четириесеттиот ден ја носи душата на местото каде што било закопано телото и потем и го покажува изгниеното тело од кое ја фаќало страв. На четириесеттиот ден ангелот ја носи душата кај Бога и Господ Бог тогаш му заповеда на ангелот да ја стави душата во рајот или

[39] Cicero, *On Divination* 1.57.

[40] Ogden, D. (2001) 158.

[41] Вергилиј, *Ајнеида,* 201.

[42] Maureen, C. (2006) 4.

[43] Вражиновски, Т. (2022) 254.

[44] М. Цепенков напишал: „Кога ќе умирал чоек, ангелот му се јавуал откај глаата, а смртта од кај нозете, на праведниот му се јавуал ангело и смртта многу весели, а на грешнио – многу смуртени и страшни.“ Цепенков, М. К. (1972), 50.

во пеколот, во согласност со животот кој го водел на земјата.[45]

Според македонските народни верувања, душата на покојникот ги посетува сите места на кои тој престојувал додека бил жив, но само додека телото на покојникот не се распадне, а тоа е една година по смртта. По тој период, душата веќе не е присутна и заминува во царството на мртвите. Со поставувањето споменик од камен се врзува душата на покојникот за самиот камен, но доколку не се постави споменик од камен во рок од една година по смртта, тогаш душата не може да се зароби и да се врзе за надгробниот камен, па затоа по тој период, споменикот воопшто не се подига. Оттаму целта на подигањето споменик од камен била насила да се врзе душата на покојникот и да и се одземе слободата на движење, со цел да не ги посетува и мори живите.[46]

Верувањето во животот по смртта и во душите на покојниците кај македонскиот народ, најдоследно се прикажани во почитувањето и празнувањето на Дуовден, македонскиот народен религиски празник наречен уште и Духовден, Свети Дух и Света Тројца, кој се празнува во периодот на преминот од пролет кон лето, на 50-от ден по празникот Велигден (од 23.V. до 26.VI.). Според македонските народни верувања, на овој ден душите на починатите го напуштаат подземниот свет и слободно се движат во светот на живите. Оттаму овој празник се поврзува со душите на покојниците за кои се верувало дека „кога ќе се рече Ристос воскресе на Велигден, се отворале портите на рајот и пеколот и душите рисјански летнувале по небото и најпојќе застанувале на цветовите на дрвјата“ сè до Дуовден, кога го напуштаат светот на живите и повторно се враќаат во светот на мртвите.[47]

Заклучок

Верувањата во животот по смртта и духовите на мртвите кај Бабилонците, Египќаните, Старите Грци и Старите Римјани, како и во времето на ранохристијанството, низ времето еволуирале и се адаптирале на променливиот религиозен и културен пејзаж. Континуитетот во верувањата во животот по смртта и душите на мртвите од античкиот период продолжило и во времето на христијанството, преку концептот на христијанската догма за рајот и пеколот. И денес во мултикултурните и разновидните современи општества коегзистира широк спектар на верувања во духовите на мртвите, кој ги одразува културните средини и народните традиции на различните заедници, меѓу кои и македонската народна традиција. Додека и денес некои древни верувања и практики опстојуваат, други се реинтерпретирани или трансформирани за да соодветствуваат на современите погледи на светот. Дијапазонот на верувањата во животот по смртта и духовите на мртвите ја одразува различноста на човековите култури и перспективи за животот, смртта и задгробниот живот.

[45] Вражиновски, Т. (2006) 317-323.

[46] Ковачева; Л. (2019) 165.

[47] *Ibid,*112-113.

Користена литература:

Budge, E. A. W. (1901), *Egyptian magic,* Kegan, Paul, Trench and Trübner & Co., London.

Вергилиј, П. М. (1999), *Ајнеида*, Препев од латински Басотова, Љ., Предговор Колева, Е., Скопје.

Вражиновски, Т. (2002), *Македонска народна митологија,* Матица Македонска, Скопје.

Вражиновски, Т. (2006), *Македонска народна библија,* Матица Македонска, Скопје.

Zandee, J. (1960), *Death as an Enemy,* Brill, Leiden.

Ковачева, Л. (2019), *Македонски народни празници, обичаи и верувања - Речник*, Панили, Скопје.

Lenormant, F. (1877), *Chaldean Magic: Its Origin and Development*, Samuel Bagster and Sons, London.

Luck, G. (2006), *Arcana Mundi, Magic and the Occult in the Greek and Roman Worlds,* The Johns Hopkins University Press, Baltimore.

Maureen, C. (2006), *Spirits of the Dead, Roman Funerary Commemoration in Western Europe,* Oxford University Press, Oxford.

Melton, J. G. (2001), *Encyclopaedia of occultism and parapsychology. A Compendium of Information on the Occult Sciences, Magic, Demonology, Superstitions, Spiritism, Mysticism, Metaphysics, Psychical Science, and Parapsychology, with Biographical and Bibliographical Notes and Comprehensive Indexes,* In Two Volumes, Volume One, A-M, Gale Group, Inc., Drake Rd., Farmington Hills

Ogden, D. (2001), *Greek and Roman Necromancy*, Princeton University Press, Princeton and Oxford.

Ogden, D. (2002), *Magic, Witchcraft, and Ghosts in the Greek and Roman worlds*, Oxford University Press, Oxford.

Петрушевски, М. Д. (1982), *Илијада,* Препев, предговор, увод и објасненија, Македонска книга, Скопје.

Pinch, G. (2006), *Magic in Ancient Egypt,* British Museum Press, London.

Платон (1983), *Одбраната Сократова. Критон. Фајдон,* Група издавачи (превод и белешка Елена Колева), Скопје

Taylor, J. (2001) *Death and the afterlife in Ancient Egypt.* London.

Farber, W. (1995), *Witchcraft, Magic, and Divination in Ancient Mesopotamia,* CANE 3, Sasson, New York.

Цепенков, М. К. (1972), *Македонски народни умотворби во десет книги*. Кн. 4. Народни приказни, легенди. Редактирал Кирил Пенушлиски, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје.

Wilkinson, R. H. (2003), *The Complete Gods and Goddesses of Ancient Egypt,* Thanes & Hudson Ltd, London.

Lidija KOVACHEVA

LIFE AFTER DEATH IN ANTIQUITY AND IN THE MACEDONIAN FOLK TRADITION

Summary

Beliefs in life after death and the spirits of the dead among the Babylonians, Egyptians, Ancient Greeks and Ancient Romans, as well as in the time of early Christianity, evolved over time and adapted to the changing religious and cultural landscape. The continuity in beliefs in life after death and the souls of the dead from the ancient period continued into the time of Christianity, through the concept of the Christian dogma of heaven and hell. Even today, in multicultural and diverse modern societies, a wide range of beliefs in the spirits of the dead coexist, reflecting the cultural backgrounds and folk traditions of different communities, including the Macedonian folk tradition. While some ancient beliefs and practices persist today, others have been reinterpreted or transformed to correspond to modern worldviews. The range of beliefs in life after death and the spirits of the dead reflects the diversity of human cultures and perspectives on life, death and the afterlife.